Врз основа на член 137 став (20) од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија број 16/11, 136/11 и 79/13), Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на ден 23.09.2013 година, донесе:

**Тарифник за максималната висина на надоместокот за учество на обука и полагање на испит и максималната висина на надоместокот за учество на обука за усовршување на енергетските контролори**

Член 1

Со овој тарифник се утврдува максималната висина на надоместокот за учество на обука и полагање на испит и максималната висина на надоместокот за учество на обука за усовршување на енергетските контролори (во понатамошниот текст: тарифник).

Член 2

Максималната висина на надоместокот за учество на обука за енергетски контролори изнесува........................................................ **18.000,00 денари**

Максималната висина на надоместокот за полагање на испит за енергетски контролори изнесува.........................................................**16.500,00 денари**

Максималната висина на надоместокот за учество на обука за усовршување на енергетски контролори изнесува.........................................................................................................**18.600,00 денари**

Член 3

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на одобрение од Владата на Република Македонија.

**Претседател на Управен Одбор,**
**Илија Андонов**

**Бр.01-838/12**
**23.09.2013 година**